ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICË
Бр.-Nr. 04-2089/1
04 07 2025 год.-vit
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Согласно овластувањата кои произлегуваат од член 31 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје член,в.д. Директорот го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

За запирање на постапката за селекција на кандидати за вработување на даватели на јавна услуга во областа комунални дејности и на други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5, на неопределено време во ЈП Улици и патишта-Скопје

1.Постапката за селекција на кандидати за вработување на даватели на јавна услуга во областа комунални дејности и на други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5, на неопределено време во ЈП Улици и патишта-Скопје,по објавениот Јавен оглас бр.01/2025 објавен во дневните весници ,,Вечер'', ,,Нова Македонија'' и ,,Коха'',СЕ ЗАПИРА.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Оговорното лице на Јавното претпријатие Улици и патишта-Скопје,врз основа на Одлука бр.04-1734/1 од 05.06.2025 година, за утврдување на потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време, даватели на услуги,а во согласност со Годишниот план за за вработување за 2025 година бр.04-4960/1 од 12.11.2024 година, на ден 09.06.2025 година објави Јавен оглас бр.01/2025 година во дневните весници ,,Вечер'' и ,,Коха'',а на 10.06.2025 година во весникот ,,Нова Македонија'' .

По истекот на рокот за пријавување на кандидатите, комисијата за селекција увиде дека во објавениот јавен оглас постојат суштински технички грешки и не можат да ја спроведат постапката за селекција на пријавените кандидати.

Имајќи го предвид погоре наведеното ,в.д.Директорот на ЈП Улици и патишта-Скопје,донесе решение како во диспозитивот.

Д-НО

-в.д Директор

-Одделение за управување со човечки ресурси

-Архива

в.д.Директор

Ивана Трајкоска